**БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 2329/24**

За деловна соработка со надворешен извршител во делот на машинско одржувањето за потребите на ОКТА

**Доверливо**

Овој документ содржи податоци за ОКТА АД-Скопје и не смее, целосно или делумно, да се изнесе од Вашето претпријатие или да се користи за други цели, надвор од ова Барање понуда

**СОДРЖИНА**


| | | |
|---|---|---|
| 1. **ВОВЕД** | -------------------------------- | **3** |
| 1.1 Потврда за прием на поканата и Изјава за интерес за учество | -------------------------------- | **3** |
| 1.2 Право на учество | -------------------------------- | **3** |
| 2. **ПРЕДМЕТ** | -------------------------------- | **3** |
| 2.1 Предмет на Барањето понуда | -------------------------------- | **3** |
| 2.2 Времетраење на услугата | -------------------------------- | **4** |
| 3. **ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА** | -------------------------------- | **4** |
| 3.1 Опис на активности по тип на опрема кои треба да ги обавува изведувачот | -------------------------------- | **4** |
| 3.2 Објекти и опрема | -------------------------------- | **5** |
| 4. **ОБВРСКИ НА ПОНУДУВАЧОТ** | -------------------------------- | **5** |
| 4.1 Тековни обврски | -------------------------------- | **5** |
| 4.2 Останати зафати и работа на проекти | -------------------------------- | **5** |
| 5. **ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДА** | -------------------------------- | **6** |
| 5.1 Коверт Техничка понуда | -------------------------------- | **6** |
| 5.2 Коверт Финансиска понуда | -------------------------------- | **7** |
| 5.3 Доставување на понудата | -------------------------------- | **7** |
| 5.4 Посета на објектите во ОКТА | -------------------------------- | **8** |
| 5.5 Доставување прашања за појаснување | -------------------------------- | **8** |
| 5.6 Важност на понудата | -------------------------------- | **8** |
| 6. **ОТВАРАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПОНУДИ** | -------------------------------- | **8** |
| 7. **ПРАВА НА ОКТА** | -------------------------------- | **9** |
| 8. **ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО ПОНУДА** | -------------------------------- | **9** |
| 9. **ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ОД ИЗБРАНИОТ ПОНУДУВАЧ** | -------------------------------- | **9** |

## 1. ВОВЕД

ОКТА АД-Скопје (во натамошниот текст ОКТА), со седиште на улица 1, број 25, н.м. Миладиновци-Илинден, П.Ф. 66, 1000 Скопје, Ве поканува да ја доставите Вашата најдобра понуда за воспоставување деловна соработка со надворешен извршител во делот на машинско одржувањето, кој ќе обезбеди континуирана поддршка со постојано присуство на свој персонал (бравари и лиценцирани заварувачи) во кругот и деловните простории на ОКТА за извршување машински работи согласно секојдневните потреби на ОКТА поврзани со тековното работење.

### 1.1 Потврда за прием на поканата и изјава за интерес за учество

Ве молиме да го потврдите приемот на Барањето понуда и да го пријавите Вашиот интерес за учество во рок од пет (5) работни дена од испраќањето на овој документ, со известување преку E-mail до лицата за комуникација:

Мартин Милошески
тел: 070-399-757
E-mail: mmilosheski@helpe.gr

Исто така, Ве молиме кон горенаведеното известување да ги вклучите и следните податоци:

- Назив на Вашето друштво;
- Име и Презиме на лицето одговорно за доставување понуда;
- Телефон за контакт и E-mail на одговорното лице;

### 1.2 Право на учество

Право на учество на ова Барање понуда имаат домашни правни лица кои имаат регистрирана дејност и важечки дозволи и одобренија за извршување на услугите кои се предмет на ова Барање за понуда.

Понудувачите кои ќе учествуваат на ова Барање понуда мора да поседуваат соодветни објекти, опрема и персонал согласно техничките барања наведени во тендерската документација.

## 2 ПРЕДМЕТ

### 2.1 Предмет на Барањето понуда

Со ова Барање понуда, ОКТА започнува процес за избор на добавувач / добавувачи на услуги (во натамошниот текст Понудувач), кој ќе ги задоволи барањата на ОКТА за обезбедување на услугите наведени во воведот (точка 1 погоре).

Услугите кои се предмет на ова Барање понуда, во текот на нивното извршување ќе бидат контролирани и одобрени од одговорното лице на ОКТА.

## 2.2 Времетраење на услугата

За извршување на услугата од точка 2.1, ОКТА има намера да потпише договор во траење од една + две години, односно вкупно најмногу (3) години, започнувајќи најрано од 01.05.2024

## 3 ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ИЗВРШУВАЊЕТО НА УСЛУГАТА

### 3.1 Опис на активности по тип на опрема кои треба да ги обавува изведувачот дадени во Прилог 2 на ова барање.

Врз основа на досегашното искуство во машинското одржување во Прилог 2 е даден приближен табеларен преглед на активности класифицирани по типови на опрема.

### 3.2 Објекти и опрема

ОКТА поседува објекти, опрема и инвентар која ќе му биде даден на користење на Понудувачот без надоместок. Одржувањето на објектите и опремата во исправна состојба ќе биде обврска на Понудувачот.

## 4 ОБВРСКИ НА ПОНУДУВАЧОТ

### 4.1 Тековни обврски:

Во текот на целата годината има потреба од вклучување на бравари и заварувачи кои ќе работат на извршување на одредени заварувачки и браварски работи. Тие ќе бидат вклучени самостојно или заедно со браварите на ОКТА во извршување на работните задачи. Ќе бидат раководени од инженерите (работоводители) на ОКТА при извршување на работните задачи.
Евидентираните работни часови за ангажманот на бравари и заварувачи ќе бидат реално одработени часови, и ќе бидат потврдени со градежен дневник. Во случај кога, по претходен договор помеѓу страните, некој од извршителите кои извршуваат редовни работни активности нема да биде присутен во текот на цел работен ден на местото за извршување на работните задачи, договорните страни се согласни дека Клиентот ќе биде должен на Извршителот да му исплати сразмерен надомест пресметан, односно добиен на начин што износот на дневницата ќе биде поделен со 8 (осум), а потоа помножен со бројот на часови во кои предметниот извршител бил на своето работно место.Во цената на заварените спови или вградените прирабници влегува и дополнителниот материјал (електроди, брусни плочи, течни гасови и слично).

**Напомена:** Браварите и заварувачите кои ќе бидат ангажирани при извршување на горе наведените активности ќе користат сопствен алат (рачен алат, апарат за заварување, брусилки, разводни табли, приклучоци за електрична енергија, неискречки алат и слично) за да може непречено да ја изведуваат работата.

### 4.2 Останати зафати и работа на проекти:

За одредени специфични зафати и поголеми проекти на барање на ОКТА, на основа на планираните ремонти, предлозите добиени од Техничка инспекција или непредвидени дефекти на инсталациите, изведувачот е должен да ги следи следниве процедури:
За време на изведување на работите потребно е во ОКТА секојдневно да е присутен машински инженер од страна на изведувачот кој ќе ги раководи екипите на изведувачот во координација со одговорниот инженер од ОКТА и постојано ќе води градежен дневник за текот на работите.

По завршување на работните активности изведувачот е должен да достави елаборат за изведената инсталација во кој ќе бидат вклучени следните документи:

1. Цртежи или скица по кој е работено со потпис на проектантот;
2. Атест за вградените материјалите (обврска на ОКТА, во случај сами кога ги обезбедуваме);
3. Атест за електродите;
4. Атест за заварувачите;
5. Атест за опремата која што се користи за заварување;
6. WPS за постапката за заварување;
7. Извештај за пенетрантско испитување (доколку го има);
8. Извештај за радиографија (доколку ја има);
9. Извештај за оджарување (доколку го има);
10. Извештај за извршена хидро проба;

## 5 ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

**Инструкција за понудувачите:**
Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават најдоцна до **22.04.2024** електронски во **два фолдери**:

**Првиот** фолдер ќе ја носи ознаката ,,КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА„ треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација:

- Единечни цени во ДЕН со и без вклучен ДДВ согласно табелата наведена во Прилог 1
-

Комерцијалната понуда треба да се испрати на **OktaProcurementDepartment@helpe.gr** **задолжително заштитена со лозинка**. Лозинката ќе ви биде дополнително побарана по прием на сите понуди во наведениот рок.

**Вториот** фолдер ќе ја носи ознаката ,,ТЕХНИЧКА ПОНУДА„ треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација:
**Машински бравари:**
1. Презентација (портфолио) на компанијата;
2. Минимум континуирано работно искуство од три (3) години во истата област;
3. Да се вработени во фирмата на понудувачот или да имаат соодветен договор за работа во фирмата;
4. Да бидат способни за изведување на горенаведените активности и работа на висина;
5. Најмалку еден од нив да има познавање од гасно сечење;
6. Доказ дека вработените се од матичната фирма на изведувачот;
7. Лекарско уверение за секој изведувач посебно;
8. Најмалку еден од нив да има основно познавање за електролачно и гасно заварување;
9. Листа на подизведувачи (доколку има) - Окта го задржува правото да ги одобри/одбие подизведувачите;

**Заварувачи**
1. Доказ дека заварувачите имаат 3 (три) годишно искуство во областа на заварување
2. Да се вработени во фирмата на понудувачот или да имаат соодветен договор за работа во фирмата;
3. Да бидат способни за изведување на горенаведените активности и работа на висина;
4. Да се достави лекарско уверение;
5. Да поседуваат сертификат за соодветната постапка за заварување;

6. Листа на подизведувачи (доколку има) - Окта го задржува правото да ги одобри/одбие подизведувачите

**Придружни документи**

1. Информација за економско финансиската состојба на субјектот, издадена од Централен регистар на РСМ, за последните три години;
2. Тековна состојба не постара од 6 месеци
3. Документ издаден од надлежен орган дека понудувачот не е под стечај и ликвидација како и дека не му е изречена мерка забрана за вршење на дејноста (копија не постара од шест месеци заверена од понудувачот);
4. Потврда од Управа за Јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки (копија не постара од 6 месеци);
5. Изјава дека понудувачите ги поседуваат сите неопходни ресурси за извршување на предметната работа;
6. Изјава за прифаќање на одредбите од договорот. **Доколку Понудувачот има забелешки на дел од одредбите наведени во предлог договорот, истите треба јасно да ги наведе во изјавата.**
7. Останата потребна опрема и машини која е вклучена во спецификацијата за тендерот.

**Понудувачот исто така има можност да ја достави Понудата во надворешен коверт со назнака:**
Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**“НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 2329/24”**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **” ТЕХНИЧКА ПОНУДА “** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **“КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА”** и називот на понудувачот.

5.1 Во ковертот кој ќе ја содржи **ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА** потребно е да се достават:

**Машински бравари:**

10. Презентација (портфолио) на компанијата;
11. Минимум континуирано работно искуство од три (3) години во истата област;
12. Да се вработени во фирмата на понудувачот или да имаат соодветен договор за работа во фирмата;
13. Да бидат способни за изведување на горенаведените активности и работа на висина;
14. Најмалку еден од нив да има познавање од гасно сечење;
15. Доказ дека вработените се од матичната фирма на изведувачот;
16. Лекарско уверение за секој изведувач посебно;
17. Најмалку еден од нив да има основно познавање за електролачно и гасно заварување;
18. Листа на подизведувачи (доколку има) - Окта го задржува правото да ги одобри/одбие подизведувачите;

**Заварувачи**

7. Доказ дека заварувачите имаат 3 (три) годишно искуство во областа на заварување
8. Да се вработени во фирмата на понудувачот или да имаат соодветен договор за работа во фирмата;

9. Да бидат способни за изведување на горенаведените активности и работа на висина;
10. Да се достави лекарско уверение;
11. Да поседуваат сертификат за соодветната постапка за заварување;
12. Листа на подизведувачи (доколку има) - Окта го задржува правото да ги одобри/одбие подизведувачите

**Придружни документи**

8. Информација за економско финансиската состојба на субјектот, издадена од Централен регистар на РСМ, за последните три години;
9. Тековна состојба не постара од 6 месеци
10. Документ издаден од надлежен орган дека понудувачот не е под стечај и ликвидација како и дека не му е изречена мерка забрана за вршење на дејноста (копија не постара од шест месеци заверена од понудувачот);
11. Потврда од Управа за Јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки (копија не постара од 6 месеци);
12. Изјава дека понудувачите ги поседуваат сите неопходни ресурси за извршување на предметната работа;
13. Изјава за прифаќање на одредбите од договорот. **Доколку Понудувачот има забелешки на дел од одредбите наведени во предлог договорот, истите треба јасно да ги наведе во изјавата.**
14. Останата потребна опрема и машини која е вклучена во спецификацијата за тендерот.

**Сите горенаведени документи треба да се потпишани од одговорното лице и заверени со печат на Понудувачот.**

ОКТА го задржува правото да ја одбие техничката понуда и да не ја отвори финансиската понуда доколку сите документи наведени во точка 5.1 не се доставени во рокот за доставување понуди или во дополнително продолжениот рок. Во ваков случај, финансиската понуда нема да биде отворена и ќе му биде вратена на Понудувачот.

**5.2 Во ковертот кој ќе ја содржи КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА потребно е да се доставaт:**

- Понудувачите треба да достават единечни цени за активностите наведени во Спецификацијата која е дел од целокупната тендерска документација, која ќе ви биде доставена по Ваша потврда за учество на тендерот. Понудувачот прифаќа дека, цените наведени во понудата ќе останат непроменети за период од три години, почнувајќи од денот на потпишување на договор.

**Напомена:**

Понудените цени треба да се без ДДВ и треба да ги вклучат сите транспортни трошоци, патарини, трошоци за одржување и работни трошоци, трошоци за безбедност и здравје при работа, осигурувања, такси, плати, награди, бонуси и сите други редовни и дополнителни давачки за вработените на Понудувачот, ангажиран за извршување на услугата предмет на ова Барање понуда.

**Услови на плаќање**: „40 дена од датумот на фактурата“, ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.

### 5.3 Доставување понуда

Ковертите со Техничката и Комерцијална понуда треба да се достават во еден затворен плик со
**Име, адреса и седиште на Понудувачот**
и назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 2329/24"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД-Скопје
ул. 1, бр. 25, н.м. Миладиновци - Општина Илинден
ПО. Box 66, 1000 Скопје

Понудите испратени по пошта ќе бидат валидни, доколку датумот на прием во пошта не е после датумот наведен како краен рок за доставување понуда.

**Краен рок за доставување на понуди е 22.04.2024**

**Понудите кои нема да бидат доставени до дефинираниот краен рок, или продолжениот рок за доставување, или не се подготвени според ова Барање понуди, нема да се разгледуваат.**

### 5.4 Посета на објектите во ОКТА

Во периодот на изготвување на понуда, Понудувачите **пожелно е** да ги посетат објектите на ОКТА каде што ќе се извршува услугата, предмет на ова Барање понуда.

Во име на ОКТА, лице за контакт за договарање термин за посета е:

- **Љубомир Пановски** (мобилен телефон +389 76 344 494 LPanovski@helpe.gr)

### 5.5 Доставување прашања за појаснување

Прашањата за појаснување треба да бидат доставени по E-mail до лицата за комуникација наведени во точка 1.1.

**Краен рок за доставување прашања е 18.04.2024**.

### 5.6 Важност на понудата

Понудата треба да е со важност најмалку три месеци од крајниот рок за доставување понуди.

## 6 ОТВАРАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПОНУДИ

Отворањето на понуди ќе се врши истовремено од страна на комисија на ОКТА. Во првата фаза ќе се отворат само техничките понуди и се врши увид во документите доставени од Понудувачот согласно точка 5.1.

ОКТА го задржува правото да побара од Понудувачите (по E-mail) во рок од два (2) работни дена, од денот на известувањето, да ги достават документите кои не се поднесени. Доколку бараните

документи не се поднесени во наведениот рок, ОКТА го задржува правото да ги одбие овие понуди/Понудувачи.

Во текот на оценувањето на понудите, ОКТА го задржува правото да бара одредени појаснувања или доставување на дополнителни документи. Понудувачот мора да одговори во рок од два (2) работни дена од денот на известувањето, во спротивно ОКТА го задржува правото да го исклучи Понудувачот од понатамошна постапка.

ОКТА го задржува правото да ги посети објектите на Понудувачот или објектите на компаниите наведени во референтната листа. Понудувачот ќе биде навремено известен за датумот и времето на посета.

Отворање и оценка на финансиската понуда ќе се врши само за оние понуди кои се одобрени во претходната фаза.

## 7 ПРАВА НА ОКТА

- Понудувачите ќе бидат информирани за резултатите откако е завршена евалуацијата на сите предлози и ќе се потпише договор со најповолниот понудувач;
- Понудувачите со самото доставување на понуда, потврдуваат дека ги разбираат и прифаќаат сите одредби од ова Барање понуда и дека содржината на понудата која ќе ја достават е валидна и правно обврзувачка за нив во сите нејзини делови до истекот на важност.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или да го поништи тендерот;
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да преговара со еден или повеќе Понудувачи;
- Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понуда, понудувачите можат да ги достават само писмено (по E-mail) до лицата за контакт на ОКТА наведени во точка 1.1. ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози;
- ОКТА, по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање понуда;
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда;

## 8 ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО ПОНУДА

- Прилог 1 -Комерцијална понуда
- Прилог 2 - Технички опис на барањето
- Прилог 3 - Предлог договор

Горенаведените прилози, ќе им бидат доставени само на оние понудувачи кои ќе го потврдат учеството на тендерот согласно упатствата наведени во точка бр. 1.1 погоре.

## 9 ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ОД ИЗБРАНИОТ ПОНУДУВАЧ

После официјалното известување, во писмена форма, за избор на најповолниот Понудувач, а пред потпишување на Договор, ОКТА го задржува правото да побара дополнителни финансиски документи доколку е потребно.

Раководител на Набавки,
Мартин Милошески